Архивски број: 08-439/4
06-09-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-439 од 21.7.2023 година, поднесена од [redacted] Скопје против [redacted] за сторена дискримнација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 5.9.2023 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми сторено од страна на [redacted]

## Образложение

На 21.7.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] Скопје против [redacted], за сторена дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми врз ЛГБТИ+ заедницата.

Во претставката се наведува дека на 12.6.2023 година, на веб страната на порталот [redacted] била пренесена изјава од [redacted], со наслов [redacted] Како никогаш досега се бара конзервативна мисла и дело за да се сопре безумието на ЛГБТ идеологијата".

Во пренесениот текст било наведено: „Како никогаш досега, денес се бара морален одговор на расипаноста на светот, се бара конзервативна мисла и дело за да се сопре безумието на ЛГБТ идеологијата. Нивната цел не е само видливост и гласност, туку апсолутна доминација во јавниот простор, со цел да ни ја избезумат младата генерација и ги пореметат нормалните погледи на светот и човештвото. Не е само јуни месец на нивната изопачена гордост, туку и октомври- месец на историјата на ЛГБТ идеологијата, но и ноември- месец на свесност за трансродовите идентитети. Станува збор за систем на пресија врз јавниот дискурс, се цели на образовниот процес, медиумска доминација и претендира да стане меинстрим кај генерациите кои доаѓаат. Семејството, бракот помеѓу маж и жена, сексот помеѓу пол машко и женско, родителство од татко и мајка, потомство по природен, нормален Божји пат се вредностите под силна инвазија од злото. Македонија има своја изворна, автохтона [redacted], која однапред ги предвиде ваквите погубни трендови и подготви сеопфатна платформа за одбрана на вистинските трајни, безвремени вредности. [redacted] е гаранција дека ќе опстои семејството во изворната, Божјата форма, а Македонија ќе биде новиот бедем на вистината за човекот, животот и светот, каква што ја создал Бог од самите почетоци на човештвото, па се до крајот на вековите."

Подносителите истакнуваат дека овој текст има за цел повреда на достоинството и создавање на застрашувачка и непријателска средина кон ЛГБТ заедницата и претставува вознемирување на оваа

заедница, особено користејќи изрази како „пореметат нормални погледи на светот и човештвото“, „да се сопре безумието на ЛГБТ идеологијата“, „изопачена гордост“, со што оваа заедница се претставува како зло.

Дополнително, подносителите истакнуваат дека во текстот се наведуваат невистинити информации во смисла на тоа дека се наведува дека „станува збор за систем на пресија врз јавниот дискурс, се цели на образовниот процес, медиумска доминација и претендира да стане мејнстрим кај генерациите што доаѓаат“, со што преку ширење на вакви дезинформации придонесува за поттикнување и повикување на дискриминација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 25.7.2023 година испрати Известување бр. 08-439/2 за произнесување по наводите од претставката до [redacted]

На ден 25.8.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна одговор од страна на [redacted]

Во одговорот првенствено се наведува дека предметниот текст претставува критички осврт на актуелните процеси во врска со прогресирањето на родовата идеологија во македонската јавност и дека истиот нема за цел повреда на нечие достоинство, ниту пак создавање на непријателска средина кон ниту една личност или заедница, согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Во продолжение наведуваат дека како македонска конзервативна партија, во својата Програмска платформа цврсто стојат на ставот и ја препознаваат важноста на традиционалното природно семејство, заедница помеѓу еден маж и една жена, како најдобра институција за одгледување и развој на идните генерации и неговата улога како основен темел на општеството. Во овој контекст, се повикуваат на уставно загарантираното право за заштита од дискриминација, поврзувајќи го со слободата на говор и изнесувањето на сопствени ставови, како и пренесување на мислење и став на нивното членство, но и на приврзаниците и симпатизерите кои, како политичка платформа, ги претставуваат.

Дополнително, наведуваат дека нивните програмски определби никако и по ниту една основа немаат за цел да навредат ниту една личност или заедница, ниту пак ширење на дезинформации или повикување и повикување на дискриминација.

Истовремено, нагласуваат дека основите од кои извира ваквиот нивен став и пристап се длабоко фундирани во Библијата и во верските определби на [redacted]
Во оваа насока, се повикуваат на правото на религиска припадност, на верска определба и искажување на јавни ставови кои се длабоко кодирани во духовната сфера, за кои велат дека не смеат да бидат доведени во прашање. Оттука, оценуваат дека ваквиот пристап на [redacted] како подносители на претставката, претставува грубо кршење на слободата на говор како базично човеково право.

Во овој контекст го споменуваат и фактот што институтот „вербален деликт“ бил одамна отфрлен како кривично дело, притоа наведувајќи дека претставката поднесена од [redacted] кореспондира со „тогашната комунистичка стварност“.

Од наведеното, тие сметаат дека изнесените ставови претставуваат генерализација на состојби, а не лични квалификации или дисквалификации, дека истите не се однесуваат на конкретна личност

или групација, ниту пак се со намера да навредат или омаловажат нечии лични ставови и погледи. Како што наведуваат, нивната реакција е по однос на „јавната промоција на ЛГБТ идеологијата и присутните обиди во медиумската јавност за нивно наметнување врз генералната популација". Истакнуваат дека ваквите ставови и погледи тие, како конзервативна партија, ги осудуваат и жигосуваат.

Земајќи ги предвид наводите од претставката, како и произнесувањето по истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека станува збор за сторено вознемирување од страна на [redacted] односно утврди дека е исполнета законската дефиниција на вознемирување содржана во **член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:

*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика."*

Имено, Комисијата констатираше дека текстот содржи вознемирувачки говор воочлив низ изразите: „безумието на ЛГБТ идеологијата", „да ни ја избезумат младата генерација и пореметат нормалните погледи на светот", „вредностите под силна инвазија на злото", „погубни трендови" и слично. Ваквите ставови ја претставуваат ЛГБТИ+ заедницата како непосакувано зло и нешто штетно за општеството, што како последица создава непријателска и застрашувачка средина. Дополнително, преку ваквото етикетирање сериозно се повредува достоинството на сите поединци од заедницата, што е основа за ограничување на таквиот говор.

Во оваа насока, член 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права ја регулира слободата на изразување на начин што во став 1 е пропишано дека секој човек има право на слобода на изразувањето, а тоа право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување информации или идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите, додека пак со став 2 се пропишани ограничувањата на тоа право. Со оглед на тоа што остварувањето на овие слободи со себе повлекува и обврски и одговорности, истото може да подлежи на одредени формалности, услови, ограничувања и санкции предвидени со закон, кои во едно демократско општество претставуваат мерки неопходни за државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заштитата на редот и спречувањето на нереди и злосторства, заштитата на здравјето или моралот, угледот или правата на другите, за спречување на ширењето на доверливи информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството.

Поради ова, правото на слобода на изразување, односно правото да се изрази сопствениот став за одредено прашање, не е неограничено. Впрочем, заштитата на угледот и правата на другите претставува едно од легитимните ограничувања на ова право. Ова е од причина што толеранцијата и почитта кон достоинството на секој еден човек ги сочинуваат темелите на демократското, плуралистичко општество. Оттука, може да се смета за неопходно во одредени ситуации да се санкционира или дури спречи одредена форма на изразување со која се шири, поттикнува, промовира или оправдува нетолеранција и дискриминација.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврденото вознемирување, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

**ПРЕПОРАКА**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] јавно да се извини за говорот содржан во пренесениот текст на порталот [redacted] со кој е извршено вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет врз ЛГБТИ+ лицата. Јавното извинување треба да го објави во рок од 30 дена од денот на прием на ова мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] во иднина да се воздржи од јавни настапи кои во себе содржат вознемирувачка содржина врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет или било која дискриминаторска основа согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Доколку лицето не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
6.9.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]